# ЗАПИСНИК

од 8-ма седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

12 јули, 2022 г., Скопје

**Присутни**: Ацо Ристов, градоначалник на Радовиш, Горан Герасимовски, градоначалник на Центар, Нухи Незири, градоначалник на Теарце, Орце Ѓорѓиев, градоначалник на Кисела Вода, Жарко Ристески, градоначалник на Македонски Брод, Костадин Костадинов, градоначалник на Струмица, Дарко Костовски, градоначалник на Бутел, Александар Стојкоски, градоначалник на Ѓорче Петров, Виктор Паунов, градоначалник на Карбинци и претставник на Кирил Пецаков, градоначалник на Охрид.

**Дискусија**:

Управниот одбор го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Дискусија во однос на начинот на пресметка на висината комуналната такса за улично осветлување поврзано со примената на новиот тарифен модел.
2. Разгледување на можноста за правото на општините да вршат дејност – производство на електрична енергија.
3. Разгледување на состојбата со финансирањето на територијалните противпожарни единици.
4. Точка разно

**ПРВА ТОЧКА**: Дискусија во однос на начинот на пресметка на висината комуналната такса за улично осветлување поврзано со примената на новиот тарифен модел.

На седницата на Управниот одбор беа поканети и присуствуваа претставници од Министерството за финансии на Република Северна Македонија од секторот задолжен за работите поврзани со уредувањето на постапката за наплата и утврдувањето на висината на комуналните такси, а со оглед дека дискусијата се води конкретно за комуналната такса за улично осветлување.

Членовите на Управниот одбор отворија дискусија и ја истакнаа критичната состојба во која се наоѓаат со покачувањето на цената на електричната енергија, дека огромен број на тековни проекти нема да може да се спроведат заради пренамена на средствата за трошоците за електрична енергија.

Од страна на претставниците на Министерството за финансии беше укажано дека и покрај тоа што овој орган е надлежен за уредување на прашањата од оваа област, сепак за висината на комуналната такса мора свој предлог да дадат самите општини врз основа на анализи и пресметки. Беше изразено разбирање за положбата во која се наоѓаат општините, а дека со зголемувањето на цената на струјата драстично ќе се зголеми и цената на трошоците за потрошена електрична енергија по овој основ, што мора да има некаков одраз врз висината на комуналната такса. Законот за комуналните такси, со членот 20, тарифен број 10 не го уредува износот на комуналната такса изразен во егзактни вредности, туку го утврдува пресметковниот критериум, односно за посебни категории на потрошувачи изразува висина на комунална такса како противвредност на соодветен износ изразен во kw/h.

Членовите на управниот одбор отворија дискусија за тоа кој би бил најсоодветниот износ на цената на електричната енергија кој би требало да се пресметува при утврдувањето на висината на комуналната такса за улично осветлување, при што претежно дискусиите одеа во насока дека е потребно да се утврди просек помеѓу високата и ниската тарифа за мали потрошувачи (ВТ - НТ) зголемен за коефициентот LV 1.1. согласно подзаконските акти.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС утврдува дека висината на комуналната такса треба да се утврдува по цена за соодветно утврден kw/h по потрошувач која треба да биде изразена како просечна цена на високата и ниската тарифа за мал потрошувач, и тоа:

- мали потрошувачи (висока тарифа) – ВТ, 13,8204 ден/kWh
- мали потрошувачи (ниска тарифа) – НТ, 10,1348 ден/kWh

зголемена за тарифата за пресметковни елементи за активна електрична енергија за категорија на потрошувачи LV 1.1. во висина од 2,4907 ден/kW/h.

На овој начин цената би изнесувала 14,45 денари по kW/h кога соодветно на членот 20, тарифен број 10 од Законот за комуналните такси соодветно ќе се пресмета за сите категории на потрошувачи.
Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да ги извести субјектите за донесената Одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС.

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на можноста за правото на општините да вршат дејност – производство на електрична енергија.

Управниот одбор ги разгледа искуствата на неколку општини, а особено примерот на општина Радовиш, која и покрај одлуката на Советот на општината со која на постојното јавно претпријатија ја проширува дејноста да се занимава и со производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, сепак, согласно прописите јавните субјекти немаат право да се занимаваат со дејсноста – произвоство на електрична енергија. Ова во контекст на достапни фондови кои финансираат ваков вид на активности во општините, па како што е случај со општина Радовиш, станува збор за износ од речиси еден милион евра достапни за оваа намена. Општината остварила консултации со неколку надлежни институции но без конкретно решение на проблемот, заради што бара ЗЕЛС да ја преземе активноста за да се изнајде решение за правниот проблем.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС во претстојниот период ќе оствари средба со Централниот регистар на Република Северна Македонија, Регулаторната комисија за енергетика и Министерството за економија на Република Северна Македонија за да може да се најде решение со кое јавните претпријатија основнаи од општините ќе имаат право да вршат, меѓу останатото, и дејност – производство на електрична енергија.

На овој начин, ќе се намалат финансиските последици од енергетската криза, а произведената електрична енергија општините ќе ја користат пред се за улично осветлување и за јавните образовни установи и административните објекти, како и за затоплување на истите.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Разгледување на состојбата со финансирањето на територијалните противпожарни единици.

Членовите на Управниот одбор го истакнаа огромното незадоволство од нерешеното прашање со финансирањето на надлежноста во областа на противпожарната заштита а особено прашањето на платите и надоместоците на вработените пожарникари. Ова барање е повеќекратно адресирано од страна на ЗЕЛС до Министерството за одбрана како орган надлежен за уредување на прашањата од областа на противпожарната заштита но без успех.

Општините немаат можност да ги исплатат платите и надоместоците на плати, а особено оние за прекувремена работа, немаат склучено договори со соседните општини за извршните интервенции на нивно подрачје, немаат средства за опрема, обука, вработување на нов кадар заради просечната возраст на пожарникарите, немаат средства за проверка на опремата, а возилата се во катастрофална состојба стари неколку десетици години. Дополнително, поради недостаток на методологија за воедначено утврдување на платите и надоместоците на пожарникарите, општините се постојано под тужби кои завршуваат во корист на пожарникарите заради кои се блокираат општините сметки или се пристапува кон склучување на спогодби.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС го реафирмира барањето пред Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за неодложно решавање на прашањето со дотацијата на средствата за финансирање на надлежноста во областа на противпожарната заштита, а особено прашањето за платите и надоместоците на вработените пожарникари.

Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да достави ургентни барање до овој орган.

ТОЧКА РАЗНО:

Членовите на управниот одбор го разгледаа прашањето со правото на дооформување на градежно земјиште кое согласно Законот за градежно земјиште дава право на сопствениците на делови од градежната парцела од најмалку 30% да извршат откуп на преостанатото градежно земјиште по пат на непосредна спогодба, за на тој начин да се стекнат со право на изградба на објекти со што се узурпира просторот особено на подрачјето на општина Центар во градот Скопје.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС да го разгледа ова прашање на следната седница на овој орган а да покани и присутни претставници од Министерството за транспорт и врски.

**Скопје 12 јули, 2022 г.**

**Составил:**
**Стручната служба на ЗЕЛС**

**Заедница на единиците на локалната**
**самоуправа - ЗЕЛС**
**Претседател,**
**Данела АРСОВСКА**